**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1103-461/7**
**Скопје, 22.09.2008 година**

# НУ„ ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ„ - ОХРИД

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на НУ „Заводот за заштита на спомениците на културата и Музеј„- Охрид - Сметка за средства од буџетот на РМ, за 2007 година, кои се прикажани на страните 6,7 и 8.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија , ниту сме издале каков било извештај за финансиските извештаи на НУ „Заводот за заштита на спомениците на културата и Музеј„ - Охрид - Сметка за средства од буџетот на РМ (во понатамошниот текст Завод и Музеј Охрид), за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, претставуваат одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

   - Јордан Трца, директор од 29.07.2004 година до 23.12.2007 година
   - Тања Паскали Бунташеска , директор од 24.12.2007 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните 1 до 5, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е планирана и извршена во периодот од 02.06-11.07.2008 година, од страна на ревизорски тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
   - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесеното мислење.

10. На ден 13.08.2008 година под архивски број 1104-461/6 примени се забелешки по точките 10.1.1, 10.1.2, 10.3.1 и 10.3.2 од Претходниот извештај на овластениот државен ревизор. Истите се разгледани и е одлучено истите да не се прифатат бидејќи доставените докази и изнесените образложенија не ги побиваат наодите на ревизијата.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2007 година дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

11.1. **Неправилности во искажување на приходите/расходите**

11.1.1. Евидентирањето на расходите во деловните книги на Заводот и Музеј Охрид не базираат на веродостојни, вистинити и уредни сметководствени документи што претставуваат писмен доказ за настанатата финансиска промена односно трансакција во согласност со Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Извршени се исплати од ставката Стоки и услуги без соодветна поткрепувачка документација по основ на патни налози за службени патувања без приложени сметки за патарина како доказ за времетраење на патувањето, сметките за гориво не се правдаат со налог за користење на службено возило од кој што може да се потврди поминатата километража, основот за користење на службеното возило и лицето кое го одобрило патувањето. Исто така и сметките врз основа на кои е извршена готовинска исплата не се одобрени од страна на одговорното лице. Вршењето исплати врз основа на некомплетна сметководствена документација може да има за ефект извршување и евидентирање на нереални финансиски трансакции и неосновано трошење на средства.

11.1.2. Ревизијата не доби доволно ревизорски докази да се увери во реалноста и објективноста на евидентираните расходи во износ од 8.402 илјади денари наставката Субвенции и трансфери за финансирање на проект/програма од национален интерес во културата за 2007 година од следните причини:

- дел од проектите одобрени со годишните договори за учество во финансирање на проект/програма од национален интерес во културата за 2007 година од областа на заштита на културното наследство и областа на музејската и кинотечната дејност во вкупен износ од 1.090 илјади денари не се реализирани наспроти реализацијата на програми

во износ од 841 илјади денари кои што не се утврдени со договорите потпишани со Министерството за култура;
- утврдено е пренамена на средства по разни програми за кои што не е обезбезедена согласност од страна на Министерството за култура;
- исплатени се надоместоци на надворешни лица членови на стручните екипи во вкупен износ од 586 илјади денари чија основаност не можевме да ја потврдиме бидејќи не се донесени решенија за составот на екипата која што ќе работи на конкретниот проект, не постојат извештаи од страна на раководителот на екипата за бројот на деновите на ангажирање на членовите на екипата заради што не можевме да се увериме дека висината на испатените дневници е во согласност со Одлуката на Управниот одбор. Освен тоа утврдени се исплати на средства за ноќевање без да се донесе Одлука за висината на износот што ќе се признава како расход.

Дискреционото одлучување на директорот за промена на активностите во програмите/проектите и необезбедените евиденции за извршени активности има за ефект годишните договори за учество во финансирање на проект/програма од национален интерес во културата за 2007 година да не се реализираат во целост и исплатените надоместоци да не базираат на стварно извршените услуги.

**Препораки**

1. Одговорното лице во Заводот или лицето кое што тој ќе го овласти со свој потпис да ја одобрува исплатата на средства врз основа на веродостојни и уредни документи за активности кои реално настанале .
2. При реализацијата на годишните договори за учество во финансирање на проект/програма од национален интерес во културата директорот на Завод и Музеј Охрид да обезбеди согласност од Министерството за култура за сите пренамени на средства поради промена на приоритетните активности. Исто така да се воспостави пракса исплатата на надоместоците на надворешните лица во стручната екипа да се врши врз основа на доставени извештаи од страна на раководителите на екипите.

## 11.2. Неправилности во искажување на билансните позиции

11.2.1. Ревизијата не доби доволно ревизорски докази да се увери во реалноста и објективноста на искажаната состојба на Материјалните средства во Билансот на состојба во износ од 3.612 илјади денари, поради не извршено усогласување на сметководствената состојба на Материјалните средства со фактичката состојба утврдена со пописот, невоспоставена материјална (аналитичка) евиденција на основните средства и не пресметана амортизација на истите, што е спротивно на Законот и Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.

11.2.2. Позицијата Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените во Билансот на состојба на 31.12.2007 година не е реално прикажана за износ од 533 илјада денари, поради не евидентирање на пресметаната, а неисплатена плата за месец декември 2007 година, спротивно на Законот за сметководство на буџетите и буџетски корисници.

**Препораки**

1. Одговорниот сметководител да обезбеди воспоставување аналитичка материјална евиденција на основните средства, основните средства да се обележат со инвентарни броеви и да се отпочне со пресметување амортизација на истите.
2. Одговорниот сметководител да ја искажува пресметаната, а неисплатена плата за месец декември во сметководствената евиденција преку сметките на групата - Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените и Активни временски разграничувања.

### 11.3. Ненаменско и незаконско користење на средствата

11.3.1. Ревизијата утврди склучен договор на Завод и Музеј Охрид со Космофон Скопје, заради добивање на одредени погодности за вработените, но фактурата за реализираниот сообраќај се плаќа преку сметката на Заводот и Музеј -Охрид без да се изврши целосно рефундирање на средствата од страна на вработените и без истите да бидат задолжени во сметководствената евиденција што има за ефект ненаменско и незаконско користење на средства, спротивно на Законот за извршување на буџетот.

11.3.2. При ревизијата на јавните набавки за 2007 година Завод и Музеј Охрид не ги испочитувал одредбите од Законот за јавни набавки или не спровел постапка за јавна набавка во следните случаи:

11.3.2.1. Вршени се исплати на надоместоци на надворешни соработници преку авторски агенции кои што не се избрани со постапка за јавна набавка за што на Македонска авторска агенција и се исплатени средства во износ од 801 илјади денари и на Авторско правно биро 921 илјади денари ;

11.3.2.2. Извршена е набавка на екстра лесно гориво од Петрол- ДОО Охрид по про-фактура во износ од 287 илјади денари без да се спроведе постапка за јавна набавка и без да се изврши испорака на горивото од страна на добавувачот што упатува на авансна исплата во целосен износ;

11.3.2.3. Спроведени се две постапки за набавка од мала вредност за санација на управната зграда во вкупен износ од 329 илјади денари со што е извршено делење на набавката за ист предмет , наместо да се повтори постапката со отворен повик која не се реализирала со првото објавување.

Ваквото постапување при реализација на јавните набавки има за ефект необезбедување транспарентност, јавност и фер конкуренција меѓу понудувачите во постапката на трошење државни средства.

**Препораки**

1. Директорот на Заводот да обезбеди редовно рефундирање на средствата од страна на вработените, а одговорниот сметководител да изврши сметководствено задолжување на лицата кои што не ги уплатиле средствата.
2. Сите потреби за набавки во Завод и Музеј Охрид да се реализираат преку Комисијата за јавни набавки и со спроведување на соодветни постапки.

12. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точката 11.1.3. и 11.2.1, ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи на

Заводот за заштита на спомениците на културата и Музеј Охрид – Сметка за средства од буџетот на РМ за годината која завршува со 31.12.2007 година.

13. Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 11.3.2, кај Заводот за заштита на спомениците на културата и Музеј Охрид – Сметка за средства од буџетот на РМ не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2007 година.

**Скопје, 19.09.2008 година** **Овластен државен ревизор**

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2007 година

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2007 | 2006 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 22.941 | 15.851 |
| **Вкупно приходи** | **22.941** | **15.851** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 6.810 | 6.470 |
| Резерви и недефинирани расходи | 0 | 13 |
| Стоки и услуги | 1.913 | 2.060 |
| Субвенции и трансфери | 13.428 | 7.254 |
| **Вкупно тековни расходи** | **22.151** | **15.797** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 790 | 54 |
| **Вкупно капитални расходи** | **790** | **54** |
| **Вкупно расходи** | **22.941** | **15.851** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2007 | 2006 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Залихи | 17 | 5 |
| **Вкупно тековни средства** | **17** | **5** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 3.612 | 2.854 |
| **Вкупно постојани средства** | **3.612** | **2.854** |
| **Вкупна актива** | **3.629** | **2.859** |
| **Пасива** | | |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 3.629 | 2.859 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **3.629** | **2.859** |
| **Вкупна пасива** | **3.629** | **2.859** |

## ПРЕГЛЕД
## НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2007 ГОДИНА

**во 000 денари**

| **О П И С** | **Државен јавен капитал** | **Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност)** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2006 година** | **2.854** | **5** | **2.859** |
| **Зголемување по основ на:** | **758** | **12** | **770** |
| Набавки | 758 | 12 | **770** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти опрема и др. | | | **-** |
| Ревалоризација на капитални средства | - | | **-** |
| **Намалување по основ на:** | **-** | **-** | **-** |
| Отпис на капитални средства | | | **-** |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | | | **-** |
| Амортизација | - | | **-** |
| **Состојба 31.12.2006 година** | **3.612** | **17** | **3.629** |